ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

# ПРАВИЛНИК

## за реализација на средства за спроведување на избори

Скопје, 2014

Врз основа на член 34 од Привремениот Деловник на Државната изборна комисија бр.01-1089/1 од 04.07.2006 год., членовите 31 став (2) точка 44, и член 88 став(1) од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија", бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14 и 30/14), во врска со Решението за распишување на избор за претседател на Република Македонија, број 08-608/1, од 01.02.2014 година и Решение за распишување на предвремени избори за пратеници во Собрание на Република Македонија, број 08-1437/1, донесено од претседателот на Собранието на Република Македонија на 06.03.2014 година, одобрените средства со Буџетот на Република Македонија (Службен весник на Република Македонија бр.180/2013), Државната изборна комисија на седницата одржана на 18.03.2014 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**

**за реализација на средства за спроведување на избори**

Член 1

Со овој правилник се утврдуваат видовите на расходи, начинот на реализација и известување за направените расходи при подготовката и спроведувањето на избори и при подготовката и спроведувањето на референдум на државно ниво, од страна на Државната изборна комисија, општинските изборни комисии.

Средствата за подготовка и спроведување на претседателските и парламентарните избори како и за подготовка и спроведување на референдум на државно ниво се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија и со нив располага Државна изборна комисија.

За спроведување на локалните избори, средства се обезбедуваат од буџетот на општината, и со нив располага општинската изборна комисија, односно Изборната комисија на градот Скопје, а средства за изборниот материјал се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија и со нив располага Државната изборна комисија.

Од средствата наменети за изборите две третини служат за покривање на трошоците поврзани со изборните дејствија на органите за спроведување на изборите додека една третина од средствата, служи за покривање на дел од трошоците што ги направиле организаторите на изборната кампањата.

Средствата се реализираат согласно Законот за буџети, Законот за извршување на буџетот, Правилникот за класификација на приходи, Правилникот за класифицирање на расходи, Упатство за трезорско работење на Министерство за финансии и Упатствата на Државната изборна комисија.

Член 2

Согласно со овој правилник, се врши реализација на средствата за спроведување на претседателски и парламентарни избори и за подготовка и спроведување на референдум на државно ниво (во понатамошниот текст: изборни дејства и активности) како и локални избори, спрема поодделни расходи, намени, и

активности предвидени со Планот на потребни активности, Роковникот на Државната изборна комисија, Финансискиот план и Планот за јавни набавки.

Член 3

Средствата од разделот на Државната изборна комисија се реализираат согласно законските прописи, правилници и упатства на Министерството за финансии, во рамките на одобрените средства во Буџетот и одобрениот квартален план од Министерството за финансии, и во согласност со Упатството за спроведување на процедура за плаќање на превземени финансиски средства, бр. 01-34/1 од 05.01.2012 година.

Средствата за локалните избори се реализираат согласно законските прописи, подзаконските акти на Министерството за финансии и Упатствата од Државната изборна комисија.

Од финансиските готовински средства (од благајна) за поддршка на оперативни трошоци за изборни активности, средствата се користат согласно законските прописи, Одлуката за благајнички максимум, Законот за платен промет, Уредбата и Решението за највисоки износи што на органите на управа им се признаваат за трошоци за патување во земја и во странство.

Член 4

При спроведување на изборните дејствија и активности, буџетските средства во разделот на Државната изборна комисија, како и во разделот на општината се користат за следните видови на расходи:

- Патни и дневни расходи(во земјата и во странство);
- Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт; (трошоци за електрична енергија, вода, комунални такси, греење, ПТТ, телефонски, други трошоци за комуникација, транспортни услуги);
- Материјали и ситен инвентар (административни, канцелариски материјали, списанија, прехранбени продукти и пијалаци, средства за одржување хигиена и други материјали);
- Поправки и тековно одржување или Поправки и тековно одржување на моторни службени возила, софтверска и хардверска опрема);
- Договорни услуги или Договорни услуги {изнајмување простор и опрема, банкарска провизија, преведувачи, услуги за копирање и печатење и други договорни услуги;
- Други тековни расходи - други оперативни расходи кои настануваат во
- Разни трансфери- за надоместување по основ на ангажирање на изборна администрација и организатори на изборна кампања

  Кога средствата се обезбедуваат од разделот на ДИК од буџетот на РМ се користат и
- Вложувања и нефинансиски средства - за обезбедување на софтверски решенија како и надградби на софтверски апликации за спроведување на избори
- Купување на опрема и машини - за спроведување на избори

Член 5

Расходите од член 3 на овој правилник, Државната изборна комисија ги реализира за следните намени, т.е. за обезбедување на:

1. **Патни и дневни расходи** - направени патни трошоци за времетраење на изборните активности

- за членовите на изборните органи
- за членовите на изборната администрација

-

2. **Трошоци за комуникација** - обезбедување на комуникациски телефонски линии (фиксни и мобилни) во седиштето на Државната изборна комисија, подрачните одделенија и канцелариите на Државната изборна комисија, општинските изборни комисии

- интернет поврзување - седиштето на Државната изборна комисија, подрачните одделенија и канцеларии на Државната изборна комисија и општинските изборни комисии.
- проверка на проодноста на линиите за поврзување на општинските изборни комисии со седиштето на Државната изборна комисија,
- закуп/изнајмување на телекомуникациска опрема,
- други трошоци за комуникација

3. **Транспорт - за услуги на превоз**

Транспорт на доверлив и недоверлив изборен материјал. на членови на изборни органи и изборен материјал:

- доставување на доверлив изборен материјал,
- доставување на недоверлив изборен материјал,
- преземање на недоверлив изборен материјал по завршеното гласање.

4. **Изборен материјал**

1. Доверлив изборен материјал :

- изработка и печатење на гласачко ливче за прв, втор круг и евентуално прегласување, гласачки кутии, обрасци и записници, избирачки список и изводи од избирачкиот список, средства за обележување и проверка на гласачи, печати за општински изборни комисии и печати со број на избирачко место за избирачки одбори, сигурносни нумерирани ленти, друг доверлив изборен материјал.

2. Недоверлив изборен материјал :

- гласачки паравани, обрасци, записници, дневник за евиденција на настани, беџови за изборни органи, овластени претставници на подносители на листи, домашни и меѓународни набљудувачи и новинари и листи на кандидати, заштитни вреќи и заштитни плика, повеќе јазични упатство за гласање, ознаки за обележување на гласачки кутии, ознаки за обележување на гласачки места, батерии, останат недоверлив изборен материјал за избирачките одбори (маркери, пенкала, ножици, восок, хартиени бришачи и др.), самолепливи ознаки за повеќе намени, вреќи за транспорт, паравани и др.

**5. Објавување на јавен повик во странски печатени медиуми и банкарска провизија за дознаки во странство** - преку дипломатско конзуларни претставништва на РМ во соработка со МНР за објавување на јавниот повик во странски печатени изданија

**6. Објави во домашни печатени медиуми** - Објава на Опис на гласачки места и листи на кандидати - за едно објавување на два јазика во две домашни печатени изданија на весници

- описи на избирачки места,
- потврдени листи на кандидати,
- повик/објави за јавен увид
- други објави

**7. Обука на гласачи** - избор на агенција реализација на едукативна кампања изработка на видео спотови,изработка на аудио спотови,емитување на спотови на национални и локални електронски медиуми, флаери, плакати,друго.

**8. Превод:**

1. На прирачници
   - за општински изборни комисии
   - за избирачки одбори
2. На јавен повик
   - за објавување во домашни медиуми
   - за објава во странство

**9. Набавка на потребна информатичка опрема** и надградба на постојната за спроведување на избори.

**10. Набавка на софтвер**- софтвер за спроведување на избори и надградба на софтверски решенија за спроведување на изборниот процес.

**11. Набавка на друга потребна опрема за спроведување на избори**- скенер, печатар

**12. Канцелариски материјали за седиштето на Државната изборна комисија, подрачните одделенија и канцелариите на Државната изборна комисија** (фотокопирна хартија А3 формат, А4 формат, тонери, картрици, рибони, ролни и филмови за печатари, фотокопири и телефакс апарати,регистратори и архивски кутии, плика, мали, средни и големи, муниција за хефт-машини и спојувалки, маркери, фломастери, пенкала, моливи, самолепливи ливчиња, самолепливи етикети, селотејп ленти, батерии, АА и ААА, 1,5 volt и друг канцелариски материјал.

**13. Средства за одржување на хигиена**- за дезинфекција, ролни за раце

**14. Изнајмување на просторот**

- за седиште на општински изборни комисии (каде не се обезбедени соодветни простории од страна на локалната самоуправа),
- за гласачки места (каде не се обезбедени соодветни простории од страна на локалната самоуправа),
- за задолжителна едукација на изборните органи и изборната администрација
- за изнајмување на друг тип на простор

**15. Договорни услуги и услуги на други државни органи и институции**- за рефундација на средства за извршени услуги од други државни органи и превземени обврски по основ на обезбедени услуги по договор во согласност со Законот за јавни набавки

**16. Режиски трошоци во седиштето на Државната изборна комисија, подрачните одделенија и канцелариите на Државната изборна комисија за времетраење на изборниот процес** -за зголемена потрошувачка за време подолго од работното време за потрошена електрична енергија, вода, комунални услуги, телефонски реализиран сообраќај, гориво и мазиво, канцелариски материјал, средства за одржување хигиена, средства за храна и пијалаци.

**17. Поправка и одржување на опрема -хардвер и софтвер** -Одржување на ИТ опрема, печатари, фотокопири, скенери и одржување на постоечки софтверски решенија како и за зголемена употреба за време подолго од работното време.

**18. Надоместоци на изборна администрација** (надомест за помошно тело, подрачни одделенија, стручна служба, Државен завод за статистика), друга изборна администрација на Државна изборна комисија

- за изборните органи
- изборната администрација.
- за организаторите на изборна кампања.

**19. Други оперативни расходи** -Други трошоци кои со сигурност не можеле да се предвидат

Член 6

При спроведување на изборните дејствија и активности, буџетските средства наменети за финансиска поддршка на општинските изборни комисии за спроведување на изборни активности, општинската изборна комисија ги реализира за следните намени:

**1. За спроведување на изборни активности во општинска изборна комисија**

-канцелариски материјали (фотокопирана хартија, тонери за печатари, фотокопири и телефакс апарати, деловодник, тетратки, регистратори, архивски кутии и папки,плика, мали, средни и големи, муниција за хефт -машини и спојувалки, маркери, фломастери, пенкала, моливи, самолепливи ливчиња, самолепливи етикети, селотејп ленти, друг канцелариски материјал.

**2. Транспорт**

-за обиколка на гласачки места (пред денот определен за гласање,на денот на гласањето,)

- на членовите на општинската изборна комисија: (за присуство на задолжителна едукација организирана од Државната изборна комисија,за присуство на задолжителна едукација со избирачките одбори,за доставување на соодветни решенија за избирачките одбори,)

-на изборен материјал: (доставување на изборен материјал (доверлив и недоверлив) до избирачките одбори,доставување на гласачки материјал од избирачките одбори до седиштето на општинската изборна

комисија,доставување на гласачки материјал од седиштето на општинската изборна комисија до седиштето на Државната изборна комисија, по завршеното гласање и сумирање на резултатите и на барање на Државната изборна комисија и/или друг орган или институција,)

- на членовите на избирачките одбори: за прием на изборен материјал,за гласање на категории на лица еден ден пред денот на изборите,за денот на изборите,за доставување на гласачкиот материјал до седиштето на општинската изборна комисија по завршено гласање и сумирање на резултатите,за присуство на задолжителна едукација,

**3. Копирање и печатење на материјали и поштарина**

- Копирање (решенија за формирање на ИО, решенија за депонирани потписи, решенија за субјективитет, решенија за потврдување на листи,решенија за отстранување на неправилности во листи,решенија за отфрлање на листи,решенија за изземање од ИО, известувања до Државната изборна комисија, известувања до други органи и институции,

**4. Објави во Службен гласник на општината и локални медиуми**

- решенија за формирање на избирачки одбори
- потврдени листи на кандидати
- друго по потреба (во договор и по одобрение на Државната изборна комисија).

**5. Трошокот за храна и пијалаци** за општинска изборна комисија и избирачките одбори за денови на задолжителна едукација со Државната изборна комисија и на ден на изборите се вклучува во надоместокот, и истите не се презентираат како трошок во финансискиот извештај на општинската изборна комисија.

**6. За лица ангажирани по налог на општинската изборна комисија** - за товарање и истовар на изборен материјал,прием на материјали од Државната изборна комисија,доставување на материјали до избирачките одбори,прием на материјали од избирачките одбори по завршено гласање и сумирање на резултатите,собирање на изборен материјал оставен на гласачките места по завршување на гласањето,доставување на материјали до Државната изборна комисија.

Член 7

Буџетските средства наменети за финансиска поддршка на општинската изборна комисија за спроведување на изборни активности со кои општинската изборна комисија располага во изборниот процес, се наменети за намирување на потребите поврзани со изборните дејства на органите надлежни за спроведување на изборите (општинската изборна комисија и избирачкиот одбор ).

Средствата за покривање на трошоци за изборните дејствија се исплатуваат согласно Одлуката на Државната изборна комисија.

Општинската изборна комисија располага со овие средства преку трезорскиот систем, т.е. преку филијалите на договорната банка, согласно насоките и упатствата од Министерството за финансии.

Член8

При подигање на готовински средствата во филијалата на деловната банка надлежна за готовински исплати со која Министерство за финансии има договор за исплата, претседателот на општинската изборна комисија презентира лична карта.

Ако средствата ги подига секретарот на општинската изборна комисија, потребно е соодветно овластување од претседателот, односно заменик претседателот на општинската изборна комисија.

Средствата се употребуваат за намените наведени во член 6 од овој правилник.

Член9

Општинската изборна комисија, при реализација на трошоците постапува рационално и економично, во согласност со законите и подзаконските акти донесени од Министерот за финансии и Државната изборна комисија.

Член 10

По завршување на изборните активности за вкупно потрошени средства општинската изборна комисија составува финансиски извештај и за сите направени трошоци приложува соодветен финансиски документи и акти врз основа на кои произлегуваат финансиски обврски и трансакции за регулирање на обврските.

Финансискиот извештај, општинската изборна комисија го пополнува на образец пропишан од Државната изборна комисија.

Финансискиот извештај со комплетната финансиска документација, уредно потпишан и заверен во архивата на општинската изборна комисија, општинската изборна комисија го доставува до Државната изборна комисија кога средствата се реализираат од разделот на ДИК односно до општините, кога средствата се обезбедуваат од буџетот на општините и градот Скопје и копија до Државната изборна комисија, по завршувањето на изборните активности во рок од две недели по завршувањето на изборните активности.

Во прилог на финансискиот извештај се доставува и еден оригинален примерок од записникот од седницата на општинската изборна комисија на која истиот е усвоен.

Член 11

Државната изборна комисија, врши преглед, контрола и проверка на доставените финансиски извештаи кога средствата се реализираат од разделот на Државната изборна комисија.

Член 12

Со контролата Државната изборна комисија утврдува законска, формална и суштинска исправност на направените расходи, финансискиот извештај и финансиската документација доставена во прилог на извештајот.

Член 13

Висината на надоместокот за извршена работа во подготовката и спроведувањето на избори и за извршена работа во подготовката и спроведувањето на референдум на државно ниво на членовите на изборните органи и изборната администрација, Државната изборна комисија го определува со посебен правилник, согласно член 31 став 2 точка 24 од Изборниот законик, врз основа на бројот на избирачи, видот, сложеноста како и обемот на работите и времетраењето за нивното извршување.

Член 14

Средствата кои се ставени на располагање на ОИК од разделот на Државната изборна комисија и кои не се потрошени од страна на општинската изборна комисија а изборните активности се завршени, општинската изборна комисија ги уплатува во Буџетот на Република Македонија на следниот начин: со пополнување на образец бр. ПП 50, на трезорска сметка 100000000063095, и сметката на буџетски корисник -Буџет на РМ, 630 01 00019630 19 - со приходна шифра 725 939 и програма 00.

Член 15

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето. Овој правилник се објавува на интернет страната на Државната изборна комисија.

Број 07- 1069/1

19.03.2014 година

Скопје

ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Претседател

Никола Рилкоски

Подготвил:
Ирена Ќуштерова
Контролирал:
м-рГрета Ѓорѓевиќ
Одобрил:
Биљана Стојановска